# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXXV





**Активности за подобрување на практичните вештини за самостојно живеење на корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш**





Септември 2022 г.

*СОДРЖИНА*

2 страна - **Објавени се Насоки за деинституционализација и Општ коментар за правото на работа и вработување**

3 и 4 страна - **Креирање на нова мултисекторска национална стратегија за правата на лицата со попреченост**

5 и 6 страна - **Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас**

7 и 8 страна - **Одржана 91-та сесија на Комитетот на ОН за правата на детето, каде се разгледуваше извештајот на нашата држава**

9 и 10 страна - **Нова Европска стратегија за грижа**

11 и 12 страна -**15-та сесија на Конференција на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост**

13, 14 и 15 страна - **Активности на сервисните служби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Санација и реконструкција на објектот на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Септември 2022 г. Број 3, год. XXXV**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост

# Објавени се Насоки за деинституционализација вклучително и во вонредни ситуации, и Општ коментар бр.8 (2022) за правото на лицата со попреченост на работа и вработување

**На 9-ти септември 2022 година, Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост ги усвои Насоките за деинституционализација вклучително и во вонредни ситуации. Овие насоки го надополнуваат општиот коментар Бр.5 (2017) на членот 19 за правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата и насоките на Комитетот согласно членот 14 за правото на слобода и безбедност на лицата со попреченост.**

Процесот на подготовка на овие насоки започна кон крајот на 2020 година и претставува резултат на партиципативен процес, кој опфати седум регионални консултации што Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост ги реализираше во 2021 година. Во текот на овие консултации, кои беа поддржани од Глобалната коалиција за деинституционализација, повеќе од 500 жени со попреченост, деца со попреченост, лица кои биле сместени во институции, лица со албинизам, организации на лица со попреченост и други организации ги презентираа сведоштвата, искуствата и своите предлози.

Тоа значи дека при изработувањето на Насоките за деинституционализација вклучително и во вонредни ситуации, Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост црпеше од искуствата на лицата со попреченост пред и за време на пандемијата со КОВИД-19. Во текот на пандемијата се откри широко распространета институционализација, нагласувајќи го штетното влијание на институционализацијата врз правата и животите на лицата со попреченост, како и насилството, занемарувањето, злоупотребата и тортурата, вклучувајќи и хемиски, механички и физички ограничувања, што ги доживуваат во институциите. Пандемијата ги влоши овие појави, додека системите за набљудување на човековите права и независниот мониторинг беа ограничени или суспендирани.

Насоките се наменети да ги водат и да ги поддржуваат државите потписнички, организациите на лицата со попреченост, граѓанските организации и другите чинители во нивните напори и активности да го остварат правото на лицата со попреченост да живеат самостојно и да бидат вклучени во заедницата, и воедно овие насоки да бидат основа за планирање на процесите на деинституционализација и превенција од институционализација.

**Истиот ден, Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост го усвои и Општиот коментар бр.8 (2022) за правото на лицата со попреченост на работа и вработување. Потребата од овој општ коментар е поради тоа што лицата со попреченост сè уште се соочуваат со многу бариери при остварувањето на пристап и на нивното право на работа и вработување на отворениот пазар на труд, на еднаква основа со другите.**

Целта на овој општ коментар е да се појаснат обврските на земјите потписнички во однос на правото на работа и вработување кои се предвидени во членот 27 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Конвенцијата ги утврдува начелата и стандардите во однос на правото на лицата со попреченост на работа и вработување, и ја овозможува основата за државите потписнички да ги исполнат нивните обврски согласно Целите за одржлив развој, особено целта 8.5., за постигнување на целосно и продуктивно вработување и пристојна работа, до 2030 година, за сите лица вклучувајќи ги и лицата со попреченост, како и еднаква плата за работа од еднаква вредност.

## Активности на Владата на Република Северна Македонија

# Креирање на нова мултисекторска национална стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија

**Периодот на спроведување на последната Национална стратегија за лица со попреченост (2010-2018) одамна заврши. Од 2018 година, координацијата на националните политики насочени кон потребите на лицата со попреченост се спроведува во форма на годишни акциски планови (2019, 2021 г.) каде се вклучени неколку клучни ресорни министерства со воведување конкретни мерки во рамки на своите институционални стратегии.**

Оваа година започна процес на подготовка на новата стратегија кој е иницирaн и фацилитиран од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (НКТ), во соработка со Министерството за труд и социјална политика како носител на Стратегијата. Канцеларијата на GIZ, како и Агенциите на ОН во нашата земја кои ќе дадат поддршка во целиот процес на изработка на овој значаен стратешки документ.

Водечкиот мотив за оваа стратегија се темели на потребата да се посвети подеднакво внимание како на услугите кои треба да поддржат самостојно живеење така и на потребата да се препознаат правата на лицата со попреченост како човекови права и соодветно да се вградат во секторските стратегии на министерствата.

За таа цел, Владата, Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и во соработка со тимот на Агенциите на Обединетите Нации во земјата организираа работилница за подготовка на „Национална стратегија за правата на лицата со попреченост“. Работилницата се одржа на 28-ми и 29-ти јуни 2022 во Хотел Холидеј Ин, Скопје. Целта на работилницата беше да овозможи сите актери кои работат на ова поле заеднички да дискутираат и споделат потенцијални решенија кои ќе се рефлектираат во новата Национална Стратегија за правата на лицата со попреченост.

На работилницата учествуваа претставници на ресорните министерства и членови на НКТ, организации на лицата со попреченост и родителски организации, Здружение на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), Канцеларијата на Народниот правобранител и развојните агенции.

Во првиот дел од работилницата присуствуваа и Премиерот на РСМ Димитар Ковачевски, Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, Заменик Амбасадорот на Сојузна Република Германија Ото Граф и Директорот на ГИЗ Канцеларијата на Северна Македонија Давид Оберхаубер.

Премиерот на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, во своето излагање рече дека процесот на подготовка на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, како и досега останува максимално инклузивен во кој главниот збор го имаат директно засегнатите.

„Оваа работилница е дел од остварувањето на нашите приоритети за поддршка на лицата со попреченост.



Ве уверувам дека ги движиме работите во вистинска насока, и дека како одговорни носители на политики, ќе продолжиме да правиме сè за лицата со попреченост и сме секогаш заедно со нив“, надополни Ковачевски.

Министерката Тренчевска ја започна изјавата со мотото на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост „Ништо за нас, без нас“ со кое што ја истакна инклузивноста на процесот на формирање на Националната Стратегија. „Јавните политики ќе бидат креирани и спроведени со активно учество на лицата со попреченост. Подготовката на новата Национална стратегија ќе биде согласно обврските и начелата преземени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и комплементарна со Европската стратегија за правата на лицата со попреченост, врз основа на податоци и анализи направени за моменталната состојба со почитувањето и остварувањето на правата на лицата со попреченост“, рече Тренчевска.

Таа истакна дека позитивната атмосфера создава услови за изработка на сеопфатна и реална стратегија која ќе биде одржлива, спроведлива и во која ќе бидат вклучени централните и локалните власти, Националните инвалидски организации, граѓанските организации, лицата со попреченост, организациите на ООН.

„Она што е многу важно е дека ја менуваме перцепцијата кон попреченоста, го напуштаме стариот медицински модел на гледање на попреченоста, односно го заменуваме со немедицинско гледање кое ги поттикнува јаките страни и способности на децата и лицата со попреченост, ја обезбедува потребната поддршка што треба да ја добијат за да уживаат еднакви можности да го развијат својот потенцијал“, изјави министерката.

## Активности на Владата на Република Северна Македонија





Тренчевска се осврна и на модернизацијата на политиките кои го овозможуваат вработувањето на лицата со попреченост, особено вработувањето во отворениот пазар на трудот каде што со новите предлог решенија се воведува професионална рехабилитација и работно оспособување со цел лицата со попреченост да станат конкуренти на пазарот и со тоа да се вработат, но и да го задржат своето вработување.

Во понатамошниот тек на работилницата се презентираа наодите од евалуацијата проследени со интерактивни дискусии преку кои чинителите од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор ги споделија своите гледишта по однос на истата. На оваа панел дискусија на која учество зеде и м-р Владо Крстовски, Програмски менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА исто така се разговараше и за потребата од поставување на реално остварливи цели и задачи како одговор на сите предизвици кои се веќе идентификувани или ќе се идентификуваат во текот на процесот на изработка на националната стратегија. Владо Крстовски истакна дека сегашните стандарди на постојните сервисни служби треба да се ревидираат со цел да се подобрат стандардите за квалитет. Овој процес на ревизија треба да ги вклучи ставовите и мислењата на лицата со попреченост и соодветно да ги одрази нивните барања во конечната одлука. Во овој поглед треба да се посвети должно внимание на процесот на лиценцирање со кој се бара од непрофитните даватели на сервисни служби да бидат лиценцирани за специфично обезбедување услуги, меѓутоа, ова барање не се однесува на државните/јавните даватели на услуги.

Дискусиите на присутните продолжија во мали групи поделени по релевантните тематски области каде фокусот беше ставен на заедничката визија за стратегијата, принципите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост кои треба да се одразат во стратегијата, како и целите и областите на интервенција во секоја тематска област.

Во рамките на работните групи беа предложени следните визии:

- Општество засновано на инклузивни заедници каде што лицата со попреченост ги уживаат човековите права на еднаква основа
- Општество засновано на еднакви можности каде што лицата со попреченост активно учествуваат во политичкиот живот и во одлуките за креирање политики и уживаат непречен пристап до правдата
- Праведно и правично општество кое обезбедува еднакви можности за сите граѓани вклучително и граѓаните со попреченост постигнати во единство
- Транспарентно општество со високо развиена институционална и општествена свест каде што сите лица со попреченост уживаат еднакви права и можности, еднаков пристап до информации и се вклучени во политичките одлуки во сите сфери на живеење на правична основа.
- Општество засновано на принципите на инклузија

Врз основа на дискусијата во групите се предложија следните стратешки приоритети:

- Лицата со попреченост живеат независно во инклузивни заедници каде што услугите што се обезбедуваат преку социјалната заштита, образовниот и здравствениот систем се достапни за сите граѓани на правична основа
- Свесност за човековите права на лицата со попреченост и нивните специфични потреби и создавање позитивна слика во општеството
- Пристап до правна заштита и недискриминација за лицата со попреченост
- Развиени центри за испорака на услуги за деца и возрасни со попреченост во социјалната заштита, образованието и здравствената сфера
- Развиен механизам за координација и комуникација помеѓу носителите на должност (одговорни министерства и институции) на национално и локално ниво и носителите на правата (корисници на права и услуги/деца и лица со попреченост и родители на деца со попреченост) со цел подобро образование и информации во врска со нивното право на права и услуги
- Создадени модалитети за системски развој и унапредување на капацитетите во релевантните институции, давателите на услуги и сите релевантни чинители

Дополнително работилницата послужи како платформа за размена на искуства помеѓу претставниците на организации на лица со попреченост од Германија, германското министерство за труд и социјална политика и претставници од македонските институции и невладиниот сектор.

## Активности на Хелсиншкиот комитет (преземен текст од www.mhc.org.mk)

# Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас

Основниот граѓански суд во Скопје утврди дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас. Судот утврди дека директната дискриминација е сторена со непреземање, односно, со пропуштање да се преземат дејствија за приспособување на инфраструктурата и просторот до и во дел од избирачките места и го повредиле начелото на соодветно приспособување. На овој начин, тужените оневозможиле лицата со попреченост да го остварат нивното право на глас, а со тоа го попречиле и активното учество на лицата со попреченост во политичкиот живот на државата.

Судот ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, до распишување на следните избори, на избирачките места каде што досега тоа не е овозможено, да обезбедат:

- пристапност, рамни патишта, паркинг места соодветно обележани со боја со висок контраст, поставување знаци и бројки на видно место во поголем формат со висок контраст или звучна сигнализација до избирачките места;
- пристапност до просторијата за гласање преку поставување гелендери покрај скалилата и ѕидовите, инсталирање пристапни рампи, рачни шини, пошироки влезови, пристапен лифт или платформи кои се на нивоа и со скалила;
- пристапност во просторијата за гласање, нејзино еднакво осветлување, прераспределба на мебелот поради поголема можност за движење; поставување соодветно приспособени паравани за гласање и поставување на кутијата за гласање на соодветна висина за лица со физичка попреченост.

Дополнително, Основниот граѓански суд во Скопје ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, во пристапен формат, да го објават во медиумите диспозитивот на пресудата со која се утврдува дека сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас и активно учество во политичкиот живот, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Основниот граѓански суд ја донесе оваа пресуда откако Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку адвокат Павлина Зефиќ, на 1 февруари 2021 година поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis). Постапката беше водена во рамки на проектот „Поддршка на Северна Македонија во унапредување на владеењето на правото и човековите права“, кој Хелсиншкиот комитет за човекови права во 2020 година го спроведуваше со финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.




### Тужби за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis)

Тужбите за заштита од дискриминација од јавен интерес се новина во Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), предвидени во членот 35. Имено, здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и неформални групи кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат тужба, ако направат веројатно дека со постапувањето на тужениот се дискриминирани поголем број лица. Од доставените податоци со тужбата, Основниот граѓански суд Скопје утврди дека Хелсиншкиот комитет е активно легитимиран да поведе постапка за спречување и заштита од дискриминација, согласно неговиот мандат.

### Дискриминација на лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас и повреда на начелото на соодветно приспособување

Дел од повредите наведени во тужбата, констатирани по спроведени истражувања и проверки во избирачките места, укажуваат на тоа дека дел од избирачките места немаат достапен паркинг простор, само мал дел од оние избирачки места со расположлив паркинг имаат ознака за лица со попреченост, незначителен број објекти имаат универзален знак за пристапност и пристапна рампа, во поголемиот дел од избирачките места нема скали за да се стигне до просторијата за гласање и најголемиот дел од објектите немаат лифт; лицата со попреченост немаат пристап до информациите за политичките дебати, кампањи и настани, Упатството за примена на член 112-а (Гласање на избирач – лице со посебни потреби) од Изборниот законик не ги содржи принципите на соодветно приспособување и универзален дизајн, Државната изборна комисија дава медицински модел на дефинирање на лицата кои ги третира како болни и изнемоштени и во

## Активности на Хелсиншкиот комитет

оваа категоризација ги вметнува и лицата со сензорна попреченост; ограничување на лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост да го остварат своето право на глас, како активното така и пасивното, недостапност на изборни материјали и информации во пристапен формат за сите лица со попреченост; нередовни обуки за јавните и приватните чинители за недискриминација и за соодветно приспособување, засновани на принципот на унапредување на човековите права наспроти традиционалниот медицински пристап.

Основниот граѓански суд во Скопје утврди дека Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост, односно, дека ги повредиле принципите на соодветно приспособување и пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите.

Судот утврди и дека лицата со попреченост не треба да се поистоветуваат со болни и немоќни лица, кои поради нарушена здравствена состојба не се во можност физички да пристапат до избирачкото место, па оттаму, може да гласаат во домашни услови. Според тоа, Судот оцени дека Владата и Државната изборна комисија согласно постоечкиот Изборен законик, треба да им овозможат на лицата со попреченост еднаков и соодветно приспособен пристап до избирачкото место, за да го остварат своето право на глас.

### Товар на докажување

Основниот граѓански суд во Скопје со пресудата јасно утврди дека тужените, на чија страна е товарот на докажување согласно ЗСЗД, во оваа постапка не предложиле и не доставиле соодветни докази од кои би се утврдило дека во периодот по 2019 година (откако се изготвени извештаите на здруженијата и откако се дадени соодветни препораки) во сите избирачки места во државата во целост е овозможен пристап на лицата со попреченост до и во избирачките места и дека е извршено соодветно приспособување со цел непречено остварување на нивното право на глас.

Притоа, Судот наведува дека во едно демократско општество неопходно е да се заштити правото на глас на лицата со попреченост, да се овозможи уживање и остварување на ова право и дека потребните приспособувања на избирачките места со обезбедување пристап до и во објектите за гласање согласно потребите на лицата со попреченост, не претставува несразмерно или непотребно оптоварување. Овој аргумент е поткрепен од извршени анализи и проверки на избирачките места што покажуваат дека станува збор само за определен број избирачки места во кои досега сето ова не е овозможено за лицата со попреченост.

### Други учесници во постапката

Согласно ЗСЗД, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација може да се јави како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација или пак, на барање на странката или по сопствена иницијатива да поднесе барање судот да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae). Имајќи ги предвид овие надлежности на Комисијата, веднаш по нејзиното формирање, се обративме со барање за вклучување во постапката по тужбата од јавен интерес. Во април 2021 година, Комисијата за првпат ја искористи својата законска надлежност и побара Основниот граѓански суд Скопје да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae) во оваа судска постапка за заштита од дискриминација. Amicus curiae или пријател на судот е професионално лице, организација или тело кое не е странка во судска постапка, но со својата експертиза, искуство и информации во одредена област може да го советува судот за одредена правна материја, која е предмет на судска постапка.

Комисијата, како професионално тело за еднаквост, даде толкување на членовите од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации кои се однесуваат на соодветното приспособување, општата пристапност, еднаквост и недискриминација vis a vis пристапот до гласачките места и овозможување лицата со попреченост да го остварат правото на глас на еднаква основа со другите, како дел од учеството во политичкиот и јавниот живот. Дополнително, Комисијата во својот поднесок направи и краток преглед на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во предмети во кои судот утврдил дискриминација врз основа на попреченост, заради необезбедно соодветно приспособување.

Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје, застапувана од адвокат Наташа Бошкова побара да се вклучи како замешувач во оваа постапка. Имено, Коалицијата МАРГИНИ е членка на Мрежата за заштита од дискриминација, и ја координира и застапува за измени со цел унапредување на анти-дискриминациското законодавство во државата, овозможува правна помош и стратешко застапување пред судови во случаи на дискриминација, вклучително и за заштита на правото на еднаквост на лицата со попреченост. Основниот граѓански суд во Скопје, имајќи го предвид мандатот и правниот интерес на здружението, го усвои барањето и го прифати вмешувањето на Коалицијата МАРГИНИ на страна на тужителот.

### Измени на правните прописи

Основниот граѓански суд во Скопје го одби нашето барање да ги задолжи тужените да направат измени на правните прописи, со образложение дека донесување или изменување на законските и подзаконските акти подлежат на посебни постапки во рамки на извршната и законодавната власт и како такви, не може да бидат предмет на одлука на суд во парнична постапка.

Но, Судот укажува дека Владата и Државната изборна комисија се надлежни на лицата со лицата со попреченост да им овозможат еднаков пристап до остварување на правото на глас на иста основа со останатите граѓани и граѓанки преку системски пристап на предлагање за донесување на нови и измени на постоечки закони, преку обезбедување доволно средства за спроведување на законите и со воведување систем за собирање податоци по категории меѓу надлежните органи, доследно почитувајќи ги позитивните обврски кои за државата произлегуваат од сите меѓународни и домашни правни акти.

Активности во однос на Конвенцијата на ОН за правата на детето

# Одржана 91-та сесија на Комитетот на ОН за правата на детето каде се разгледуваше извештајот на нашата држава

**Во периодот од 29 август до 23 септември се одржа 91-та сесија на Комитетот за правата на детето во седиштето на Обединетите нации во Женева. За време на оваа сесија се разгледаа извештаи на осум земји потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на детето меѓу кои и Република Северна Македонија.**

Комитетот за правата на детето ги следи државите потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на детето и нејзините два факултативни протоколи за вклученост на деца во вооружени конфликти и за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија. Конвенцијата досега ја имаат ратификувано 196 држави, меѓу кои и Република Северна Македонија. Со оваа Конвенција предвидено е и постоење на Комитет за правата на детето составен од 18 члена кои се независни експерти за човекови права од целиот свет кои делуваат во свој личен капацитет, а не како претставници на државите потписнички. Комитетот редовно ја следи имплементацијата на Конвенцијата, нејзините факултативни протоколи, како и неговите претходно дадени препораки за имплементација во секоја земја потписничка. Комитетот за правата на детето, кој претходно ги имаше добиено извештаите од осумте земји потписнички и други поднесоци од невладини организации, во периодот од 29-ти август до 23-ти септември дискутираше на широк опсег прашања со осумте делегации преку јавни дијалози. Една од овие осум земји беше и Република Северна Македонија. Сесиите за разгледување на извештајот и другите поднесоци од Република Северна Македонија се одржаа на 29-ти и 30-ти август.

Министерката Јована Тренчевска беше предводник на делегацијата на Република Северна Македонија во Женева во состав на претставници на Министерствата за труд и социјална политика, за внатрешни работи, за образование и наука, здравство, правда, надворешни работи и Државниот завод за статистика. Таа на 29 август пред Комитетот за правата на детето го презентираше Извештајот на Република Северна Македонија по Конвенцијата на ООН за правата на детето и по двата факултативни протоколи за вклученост на деца во вооружени конфликти и за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија.

Во своето обраќање министерката Тренчевска го нагласи почитувањето на детските права како висок приоритет на нашата држава, за чија заштита значајна улога има сеопфатниот мултисекторски пристап на институциите. Воедно, истакна дека со цел унапредување на севкупната положба на децата во Република Северна Македонија отпочнат е процес за повторно воспоставување на национален механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето, поддржан од Делегацијата на Европската унија. Во Република Северна Македонија од 2017 година функционира Националното координативно тело за превенција и заштита на деца од злоупотреба и занемарување кое е формирано од Владата и во кое има претставници од сите релевантни чинители во оваа област. Усвоена е Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) кои се во согласност со сите значајни меѓународни документи, регулативи и прописи.

Во фокус на дискусија беа и децата со попреченост при што министерката истакна дека во една држава и да има само едно дете со попреченост треба да се преземаат политики и мерки за да се овозможи негово вклучување во сите општествени сфери. Министерката во своето излагање потенцирање дека: „Правото на посебен додаток го користат 6523 деца со попреченост. Отворени се 35 дневни центри за деца со попреченост кои ги посетуваат 400 деца со попреченост, воспоставена е услугата за лична асистенција која ја користат 246 лица и услугата за помош и нега во домот за деца и лица со попреченост која има 513 корисници. Во тек е изработка на дизајн за воспоставување на Регистар за деца и лица со попреченост кој треба да биде завршен до крајот на 2022 година.

Со интензивна соработка со Делегацијата на Европската Унија и надворешни консултанти во февруари 2022 година завршен е идејниот проект за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје, кој предвидува институцијата да прерасне во






## Активности во однос на Конвенцијата на ОН за правата на детето

современ центар за рана идентификација и интервенција, со дневни центри, професионална рехабилитација и центар за одмена на семејната грижа. Започнувањето на реконструкцијата е предвидено за 2023 година, со финансирање од Европската Унија и ко-финансирање од националниот буџет.

Развојот на современите политики за децата со попреченост се видливи и преку воведувањето на Меѓународната класификација на функционирањето при процената на децата со попреченост. Примената на Меѓународната класификација е отпочната, направени се обемни измени на правната рамка (закони и подзаконски акти), процесот вклучува воспоставување на стручни тела – служби за функционална проценка и јакнење на нивните капацитети. Досега се отворени стручни тела во Скопје (2), Битола, Струмица, Гостивар, а во завршна фаза е воспоставувањето на вакви тела за проценка во Велес, Охрид и Штип. Реформата заеднички ја спроведуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Министерството за образование и наука. Оваа методологија ги проценува јаките страни на децата и младите и ги уважува човековите права на секое лице со попреченост.

Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за здравство, а со цел обезбедување на рана детекција на заболувањата кај новороденчињата, доенчињата и малите деца ја реализира „Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца“ како и „Стратегијата за безбедно мајчинство“. Како резултат на спроведувањето на активностите од овие документи државата бележи подобрување на здравјето на мајките и новороденчињата, како и намалување на смртноста на предвремено родени бебиња и кај новороденчињата. Стапката на перинатална смртност е намалена од 16.0 во 2016 година до 9,2 во 2021 година.

Владата од учебната 2021/2022 година обезбеди средства за вработување на 500 образовни асистенти во наставата за децата со попреченост, за кои беа обезбедени 216 милиони денари, а Министерството за труд и социјална политика направи законски измени со кои возрасната граница за користење на услугата на личната асистенција ја намали од 18 години на 6 години, со што се поддржува вклучувањето на децата во редовниот образовен систем и во општеството во целина. За учебната 2022/2023 обезбедени се средства за вработување на дополнителни 225 образовни асистенти, со што вкупната бројка за новата учебна година изнесува 725 асистенти.

Согласно новиот Закон за основно образование 5-те посебни училишта се трансформирани во Основни училишта со Ресурсни центри; а посебните паралелки (23) се трансформираа во Центри за поддршка.

Доделени се 426 стипендии за деца со посебни образовни потреби, ученици во прво и второ одделение кои редовно следат основно образование во рамките на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ финансиран од Делегацијата на Европската Унија. Преку истиот проект, обезбедени се дополнителни 13 сензорни соби во 13 училишта, 8 инклузивни игралишта во дворовите на училиштата, 1 сензорна градина, 1 електромоторен транспортер за качување по скали и дидактички материјали и асистивна технологија за 5 училишта.

Сите овие интервенции, допринесоа бројот на ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем да се зголемува. Согласно податоците од електронскиот систем на МОН за оваа учебна година, во редовниот образовен систем има вкупно 911 ученици со посебни образовни потреби, додека во ресурсните центри има вкупно 381 ученик.

Во контекст на спроведување на процесот на деинституционализација до сега, повеќе од 60% од Националната стратегија за Деинституционализација е реализирана, како во делот на преселба на корисниците, во зајакнувањето на капацитети на стручните лица и во делот на обезбедување на координирана грижа на локално ниво. Како резултат на овие процеси денеска во Република Северна Македонија нема деца до 18 годишна возраст сместени во институција. Целосно се трансформирани сите установи за згрижување на деца и обезбедени услови за семејна грижа за сите 186 деца под 18 години“.

**Но, и покрај сето ова изнесено во извештајот, во изминатиов период, а особено со почетокот на новата училишна година, има многу реакции од страна на организации на лицата со попреченост и родители на деца со попреченост особено во процесот на вклучување на децата со попреченост во образовниот систем. Тие истакнуваат дека овој процес се запоставува, нанесувајќи огромна штета на децата и нивните родители. Во основното образование, потребата за образовни асистенти беше решена со донесувањето на новиот Закон за основно образование. За оваа 2022/2023 учебна година најавено е дека ќе се ангажираат 725 образовни асистенти низ целата држава. Но, состојбата со средното образование е поинаква. Иако средното образование е задолжително, и оваа учебна година започнува без образовни асистенти за учениците со попреченост во средните училишта. Учениците и нивните родители се оставени сами на себе да се снаоѓаат според нивните можности. Неколку општини во државата во август годинава објавија јавни повици за ангажирање на образовни асистенти за средните училишта за учебната 2022/2023 за период од девет месеци и за паричен бруто надомест од 9.000 денари. Најчесто огласите се за вклучување на десетина асистенти по општина, што е премалку. Тие се ангажираат преку договор за соработка со Агенцијата за вработување, УНДП и програма за општо корисна работа.**

**За да се реши овој проблем потребно е да се донесе новиот закон за средно образование. Но, соодветните законски измени не се знае кога би се усвоиле и стапиле на сила. Недостигот на политичка волја за справување со овој проблем се согледува и во тоа што Министерството за образование и наука не знае ни точен број на средношколци кои би имале потреба од образовни асистенти. Тоа укажува дека инклузијата на децата со попреченост, како најранлива група во општеството, не е меѓу приоритетите на надлежните институции. Меѓународните документи кои се ратификувани и од нашата држава се доволна правна основа за Министерството за образование и наука да донесе итно решение со кое учениците со попреченост ќе ја добијат неопходната асистенција за да бидат вклучени во наставниот процес.**

Активности на Европска комисија

# Нова Европска стратегија за грижа

**На 7-ми септември 2022 година Европската комисија ја презентираше новата европска стратегија за грижа со цел да се овозможат квалитетни, достапни со цена и пристапни сервисни служби за грижа низ целата Европска унија и воедно да се унапреди ситуацијата како за корисниците така и за лицата кои се грижат за нив, професионално или неформално. Стратегијата е пропратена со две препораки за земјите членки за ревизија на Целите од Барселона за образованието и грижата во раното детство и за пристапот до долгорочна грижа со висок квалитет и достапна со цени.**

## Висококвалитетни, достапни со цена и пристапни сервисни служби за грижа со подобри услови за работа и баланс меѓу работата и приватниот живот за вработените

Достапни со цена и пристапни сервисни служби за грижа со висок квалитет нудат бенефити за лицата од сите возрасти. Учеството во образованието во раното детство има позитивно влијание во развојот на детето и помага да се намали ризикот од социјално исклучување и сиромаштија подоцна во животот. Долгорочната грижа ги зајакнува лицата, кои како резултат на староста, болест и/или попреченост зависат од помош за извршување на секојдневните активности, да ја задржат својата автономија и да живеат со достоинство. Сепак, за многу лица овие сервисни служби сè уште не се достапни со цена или пристапни.

Инвестирањето во грижата е важно за да се привлечат и задржат таленти во секторот за грижа, кој често се карактеризира со тешки работни услови и ниски плати, како и за справување со недостигот на работна сила и исполнување на економскиот потенцијал и потенцијалот за креирање работни места.

Инвестирањето во висококвалитетна грижа исто така значи унапредување на учеството на жените на пазарот на трудот и родова еднаквост, особено во однос на јазовите во платите и пензиите. Жените сè уште го носат главниот товар во обврските околу грижата, со 90% од работната сила за формална грижа која е сочинета од жени, и 7,7 милиони жени се без работа поради обврски за грижа.

Со цел да се опфатат овие прашања, Комисијата предлага конкретни акции за поддршка на земјите членки во зголемување на пристапот до висококвалитетни и достапни со цена сервисни служби за грижа, истовремено подобрувајќи ги условите за работа и балансот помеѓу работата и приватниот живот на вработените.

### Образование и грижа во раното детство

Комисијата предлага земјите членки да ги ревидираат целите за образованието и грижата во раното детство за да се подобри учеството на жените на пазарот на трудот, кои воедно се наречени „Цели од Барселона“, поставени во 2002 година. Со сегашните цели земјите членки треба да овозможат детска грижа за 33% од децата под 3 годишна возраст и до 90% од децата од 3 годишна возраст до задолжителната училишна возраст, Комисијата предлага да се поставаат нови амбициозни, но сепак, остварливи цели со цел до 2030 година барем:

- **50% од децата под 3 годишна возраст се опфатени со образование и грижа во раното детство;**
- **96% од децата на возраст помеѓу 3 години и возраста за задолжително основно образование се опфатени со образование и грижа во раното детство, како што е веќе усогласено со Европската рамка во областа на образованието.**

Комисијата, меѓу другото, исто така, предлага земјите членки:

- Да овозможат сервисните служби за детска грижа да бидат достапни со цена, да бидат пристапни и со висок квалитет, достапни како во урбаните, така и во руралните области;
- Да воведат законско право за образование и грижа во раното детство, идеално без празнина помеѓу платеното родителско отсуство и законското право; да имаат таргетирани мерки за овозможување и зголемување на учеството на децата од неповолни ситуации, со попреченост или со посебни потреби во образованието и грижата, за да се намали јазот со сите други деца;
- Да го разгледаат бројот на часови што децата го поминуваат во сервисните служби за детска грижа („временски интензитет“) и да овозможат дека ваквите сервисни служби се достапни со времетраење кое им овозможува на родителите да се вработат; и
- Да поттикнуваат на еднакво споделување на грижата за децата помеѓу родителите преку борба против родовите стереотипи и поддршка на аранжманите за работно време кои се погодни за семејството.



## Активности на Европска комисија

### Долгорочна грижа

Комисијата предлага земјите членки да изготват **национални акциони планови** со цел грижата во ЕУ да стане подостапна, пристапна и со подобар квалитет за сите, на пример преку:

- Обезбедување дека **долгорочната грижа е навремена, сеопфатна и достапна со цена**, што овозможува достоинствен стандард на живеење за лицата кои имаат потреба од долгорочна грижа;
- **Зголемување на понудата и мешавина од професионални сервисни служби за долгорочна грижа** (грижа во домот, грижа во местото на живеење и резиденцијална грижа), затворање на територијалните празнини при пристапот до долгорочна грижа, изнаоѓање пристапни дигитални решенија во обезбедувањето на сервисни служби за грижа и осигурување дека сервисните служби за долгорочна грижа и нивните објекти се пристапни за лицата со попреченост;
- Осигурување на **висококвалитетни критериуми и стандарди** за обезбедувачите на сервисни служби за долгорочна грижа;
- **Поддршка на неформалните згрижувачи**, кои честопати се жени и роднини на примателите на грижа, преку обуки, советување, психолошка и финансиска поддршка;
- Мобилизирање на **соодветно и одрживо финансирање** за долгорочна грижа, вклучувајќи и користење на фондови од ЕУ.

### Правични услови за работа и обука за персоналот

За да се унапредат условите за работа и да се привлечат повеќе луѓе – особено мажи - во секторот за грижа, на земјите членки им се препорачува да:

- Го унапредуваат **колективното договарање и социјалниот дијалог** со цел да се подобрат платите и условите за работа;
- Ги осигурат **највисоките стандарди за здравје и безбедност при работа**;
- Дизајнираат **континуирана едукација и обука** за работниците;
- **Се справуваат со родовите стереотипи** во однос на грижата и да водат кампањи за комуникација;
- Ја ратификуваат и имплементираат **Конвенцијата 189 на Меѓународната организација за труд за домашни работници.**

Од своја страна Комисијата ќе:

- Истражува создавање на **нов секторски социјален дијалог за социјални сервисни служби** на ниво на ЕУ;
- Промовира воспоставување на **партнерство за вештини според Договорот за вештини** за секторот за долгорочна грижа;
- **Финансира проекти и истражувања** за процена на социјалната и економската вредност на работата и условите за работа во секторот за грижа;
- Врши преглед на примената на **ЕУ стандардите кои ги регулираат работните односи**;
- Ги мапира тековните услови за прием и правата на **работниците во секторот за долгорочна грижа од земји кои не се членки на ЕУ** и ќе ја истражуваат можноста за развој на шеми на ниво на ЕУ за привлекување на работници во секторот за грижа; и
- Ги промовира можностите што се на располагање за образование во раното детство и персонал во секторот за грижа во рамки на **Еразмус+ програми.**



### Следни чекори

Предлозите на Комисијата за препораки на Советот ќе се дискутираат од страна на земјите членки со цел да се усвојат од Советот. Според предлозите на Комисијата, земјите членки треба да ја информираат Комисијата за мерки за имплементација на препораките една година по усвојувањето. Комисијата ќе продолжи да ги следи развитоците во политиките за време на Европскиот семестар и да поддржува реформи и инвестиции преку расположливи фондови на ЕУ.

### Перспективата на попреченоста во Европската стратегија за грижа

Европската стратегија за грижа ги зема во предвид лицата со попреченост. Покажува јасно разбирање за најитните прашања со кои се соочува секторот и, што е најважно, ги опфаќа примателите на грижа и сервисните служби за поддршка.

Фокусот е ставен на сервисни служби во местото на живеење, самостојно живеење и преодот од институционалната грижа. Други позитивни точки се:

- Јасно разбирање на родовата перспектива кога станува збор за обезбедувањето грижа;
- Прашањето за трошоците, кое всушност спречува многу лица со попреченост да имаат пристап до поддршка;
- Признавањето на клучната улога што ја имаат државјаните на земјите кои не се членки на ЕУ во осигурувањето на силата и јачината на секторот за грижа во ЕУ.

### Што треба да се унапреди

Сепак, има неколку суштински аспекти кои можеле подетално да се нагласат во Стратегијата. Тоа се:

- Недостиг на обврзувачки мерки – што значи дека земјите членки на ЕУ можат лесно да ја игнорираат стратегијата;
- Нема доволен акцент на изборот на сервисни служби и на зголемувањето на нивната разноликост;
- Мерките за обука на работниците не се доволни.

Активности на Обединети нации

# 15-та сесија на Конференција на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

# Создавање општества кои ја вклучуваат попреченоста во контекст на COVID-19, но и надвор од тоа

**Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост беше усвоена од страна на Генералното собрание на ОН со негова резолуција 61/106 на 13 декември 2006 година, а стапи на сила на 3-ти мај 2008 година со 20-тата ратификација. Членот 40 од Конвенцијата предвидува дека „Државите потписнички редовно ќе се состануваат на конференција на државите потписнички со цел разгледување на сите прашања во однос на имплементацијата на оваа Конвенција.“ Од 2008 година наваму, одржани се 15 сесии на Конференцијата на држави потписнички во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.**

15-тата сесија на Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост се одржа од 14-ти до 16-ти јуни 2022 година во седиштето на ОН во Њујорк, кога воедно се одржа и избор на девет члена на Комитетот за правата на лицата со попреченост.

Останаа уште само осум години за светот да ги постигне одржливите цели за развој. Со 185 ратификации на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лица со попреченост (КПЛП), меѓународните заложби за еднаквости и зајакнување на лицата со попреченост дополнително се зајакнати и се зголемува признавањето на унапредувањето на развојот на вклучувањето на попреченоста како ефективно средство и начин да се остварат правата и да се постигне развој за сите, вклучително и за лицата со попреченост. **Признавањето на предизвиците со кои светот се соочува во одговорот на COVID-19, како и имплементирањето на 2030 Агендата за одржлив развој, 15-тата сесија на Конференцијата на држави потписнички на КПЛП одлучи за главна тема да ја има „Создавање општества кои ја вклучуваат попреченоста во контекст на COVID-19, но и надвор од тоа“. Темите на кои се даде посебен осврт беа:**

1. **Иновациите и технологијата ги унапредуваат правата во областа на попреченоста,**
2. **Економско зајакнување и претприемништво на лицата со попреченост,**
3. **Учество на лицата со попреченост во активности за зачувување на климата, намалување на ризикот од катастрофи и отпорност на природни катастрофи.**

Конференцијата на држави потписнички се фокусираше на интеракцијата помеѓу технологијата и лицата со попреченост и како тие ја искусуваат технологијата; предизвиците и како истите да ги надминат; и што можат државите потписнички и останатите чинители да сторат за да ја искористат технологијата со цел да се унапредат правата во областа на попреченоста и да се создаде подобро општество кое ја вклучува попреченоста. На настанот се користеше асистивна технологија, која ја користат многу лица со попреченост, како и редовни технологии, вклучувајќи и технолошки напредоци, што може да имаат влијание врз унапредувањето на правата на лицата со попреченост.

Лицата со попреченост во голема мера се соочуваат со исклучување во светот на работењето. Според податоците од 91 земја и територии, во осум географски региони, само 36 проценти од лицата со попреченост на работоспособна возраст се вработени. 15-тата Конференција на држави потписнички го опфати и економското зајакнување на лицата со попреченост, што претставува способност на лицата со попреченост да донесат промени и да придонесуваат за општеството поради зголемените економски способности преку учество на пазарот на труд под еднакви услови со сите. Тоа им овозможува на лицата со попреченост да живеат достоинствен живот и да се почитуваат нивните права на работното место, но и пошироко.

Лицата со попреченост се особено ранливи за време на природни катастрофи и екстремни климатски промени. Сите држави имаат обврска да осигурат дека нивните активности за климатските промени ги почитуваат, заштитуваат и исполнуваат човековите права на сите, вклучително и преку интегрирање на правата на лицата со попреченост во климатските закони и програми. На 15-тата конференција на држави потписнички се разговараше за негативните ефекти од климатските промени врз ефективно уживање на правата на лицата со попреченост, за кои е потребна итна акција во однос на климатските промени заснована на права, а која ја вклучува и попреченоста како област.

**Обраќање на Н.Е. Антонио Гутерес, генерален секретар на ОН на 15 сесија на Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост**

Оваа 15-та сесија на Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е значаен момент за согледување и размислување.



## Активности на Обединети нации

Со 185 ратификации од нејзиното усвојување во 2006 година, Конвенцијата ја кристализираше заложбата на меѓународната заедница за реализирање на инклузивен, пристапен и одржлив свет за сите.

Напредокот поттикнат од Конвенцијата е широк, брз и опиплив:

Деведесет и два проценти од државите потписнички усвоиле национални закони во областа на попреченост вклучително и одредби за пристапност.Повеќе од 60 проценти усвоиле закони за заштита на правата на децата со попреченост на образование – а процентот на земји со училишни материјали кои ја поддржуваат инклузијата на учениците со попреченост е повеќе од удвоен.

За жал, напредокот е нарушен од пандемијата со КОВИД-19 – која ги изложи постојните нееднаквости и доведе до нови закани.

Дури и пред пандемијата, лицата со попреченост имаа помала веројатност да уживаат во пристапот до образование, здравствена заштита, и средства за живот – а поголема веројатност да живеат во сиромаштија и да искусуваат повисоки стапки на насилство, занемарување и злоупотреба.

Кога КОВИД-19 ги погоди заедниците, лицата со попреченост беа меѓу оние кои беа најмногу погодени. Ова се однесува и на други кризи.

Во вооружени конфликти, лицата со попреченост честопати не се во можност да избегаат од насилството, и не добиваат соодветна хуманитарна поддршка. Војната во Украина ја забрза кризата со храна, енергетската и финансиската криза, а лицата со попреченост се особено ранливи во оваа ситуација. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, како и Резолуцијата 2475 на Советот за Безбедност ги повикува државите членки да осигурат еднаква заштита за лицата со попреченост и да обезбедат сигурен, навремен и непречен пристап до хуманитарна помош за нив. Ги повикувам сите држави членки да ги исполнуваат овие обврски.

Во изминативе 15 години од усвојувањето на Конвенцијата, сè уште се соочуваме со потешкотии во целосно реализирање на правата на лицата со попреченост низ целиот свет.

Оваа конференција потенцира три клучни патишта за одење нанапред.

**Прво, искористување на моќта на технологијата за унапредување на инклузијата на лицата со попреченост.** Технологијата може да ја унапредува еднаквоста на можностите, да ги руши бариерите и да креира средини што се инклузивни за лицата со попреченост. Над една милијарда лица, на глобално ниво, имаат потреба од асистивна технологија – сепак во многу земји тие неопходни алатки остануваат непристапни за скоро сите. Прифаќањето на ветувањето за технологија значи затворање на дигиталниот јаз; проширување на пристапноста и инклузијата; и подобра заштита на лицата од нејзините опасности.

**Второ, оваа конференција го става центарот на вниманието на промовирање на економското зајакнување и претприемништво за унапредување на учеството на лицата со попреченост на пазарот на трудот под еднакви услови.** Ова е покритично од кога било со оглед на непропорционалното влијание на пандемијата со КОВИД-19 во сите нејзини димензии врз лицата со попреченост – и нееднаквостите што опстојуваат во закрепнувањето.

**И трето, се фокусираме на поттикнување на учеството на лицата со попреченост и организациите што ги застапуваат во акциите за климатските промени.** Лицата со попреченост се 2 до 4 пати во поголема веројатност да починат за време на урагани, цунами и други природни катастрофи. Истовремено, лицата со попреченост се уникатен извор на знаење и искуство за изградба на поотпорни општества.

Во однос на сите три приоритети, треба да ја прошириме и продлабочиме соработката помеѓу владите, меѓународните организации, граѓанските општества и приватниот сектор.

Но, камен-темелник на оваа соработка мора да биде активното учество на лицата со попреченост во нивната целосна различност, и нивна целосна инклузија во сите процеси на донесување одлуки.

Ни треба лидерство на лицата со попреченост, особено жените, и нивните организации.

Нашите постапки треба да бидат водени од јасниот и суштински повик на лицата со попреченост: „Ништо за нас, без нас“.

Обединетите нации се посветени да бидат пример за ова.

Стратегијата на Обединетите нации за инклузија на попреченоста е во третата година од својата имплементација. Се покажа како конкретна рамка за унапредување на инклузијата на лицата со попреченост на сеопфатен и координиран начин, без разлика дали е во однос на хуманитарна акција, мир и безбедност, човекови права или одржлив развој.

Од седиштето на ОН до директно долу на теренот, внимателно разгледувавме како сме се однесувале кон инклузијата на лицата со попреченост и пристапноста, од нашите програми до нашите внатрешни операции. Ќе бидам искрен со вас како што бев од самиот почеток – сликата не беше убава. Сè уште има многу да се работи. Сепак, чекор по чекор, со стратегијата како наш патоказ, ја градиме инклузијата на лицата со попреченост во рамките на нашата хуманитарна, мировна и безбедносна работа.

Работиме заедно со владите за да собереме повеќе податоци за лицата со попреченост и да ја поддржиме имплементацијата на Конвенцијата и постигнувањето на 2030 Агендата.

Ја подобруваме нашата физичка и дигитална пристапност и воспоставуваме системи за повеќе лица со попреченост да можат да работат во нашите канцеларии низ светот. Но, сè уште има многу да се работи. Сакаме да бидеме работодавач кој ќе го избираат лицата со попреченост. Најважно од сè, учиме од лицата со попреченост и нивните соодветни организации.

Драги пријатели, заедно, ги имаме алатките за справување со основните причини за системска маргинализација на лицата со попреченост на секој агол од светот. Заедно, можеме да се погрижиме секој човек – без разлика на околностите – да може целосно да учествува во секој аспект од животот – социјален економски, културен и политички. Заедно можеме и ќе ја унапредиме нашата заедничка иднина.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби

# Активности на сервисните служби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Програмските активности во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се спроведуваат согласно предвидената програма доследно следејќи ги протоколите за работа во дневните центри за деца/лица со попреченост. Како и секогаш, акцентот на работата во дневните центри се става на усвојување на нови и унапредување на постојните вештини за самостојно живеење кај корисниците. Во пресрет на летниот период се работеше на усвојување на соодветно однесување додека сме на базен, плажа, планина, излет во парк. Стана збор и за усвојување на мерки/начини за обезбедување на сигурноста на домот додека подолго отсуствуваме од истиот и грижа за цвеќињата додека сме на летување. Исто така, се работеше и на подготовка на неопходни предмети и облека за патување согласно деновите и местото на престојување, како и почитување на препораките за заштита од штетните сончеви зрачења.

Корисниците кои во овој период заминаа на летен одмор споделуваа фотографии и впечатоци од различни дестинации. Истите по доаѓањето во дневните центри ги пресликаа на хартија и впечатливи цртежи. Усвоените вештини за време на онлајн психосоцијалната поддршка од периодот на пандемијата за користење на електронските медиуми и апликации за комуникација овој пат тие ги користеа за да ги поздрават своите пријатели во дневниот центар додека се на летување. Секојдневно се работеше на подготовка на освежителни овошни салати и напитоци. Како активност може да ја издвоиме и подготовката на компоти од сезонско овошје. Корисниците самостојно ги проследија сите чекори неопходни за финиширање на еден завршен производ. Неизоставен дел од летото се и летните игри и дружба на отворено за што дел од корисниците самостојно се договараа и реализираа еднодневни излети.



## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се реализираат според предвидените програмски активности. Исто така и соработката во рамки на проектот „Волонтерска Порака 2022“ со ОО Црвен Крст во Радовиш се спроведува во согласност со временската рамка. Како дел од овој проект, корисниците на дневниот центар



на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш заедно со волонтерите на Црвен крст спроведоа поголем број на активности. На крајот од јуни месец, корисниците на дневниот центар заедно со дел од волонтерите на Црвениот крст излегоа во блиската околина на дневниот центар. Покрај прошетката, спроведоа и работилница за изработка на летала од хартија. Потоа, низ игра и забава, се натпреваруваа кој повисоко ќе го лета леталото. Целодневната активност ја заврши со посета на блискиот супермаркет, во кој корисниците имаа можност да ја испазарат својата ужина.

На 12.07.2022 година дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се вклучи во активностите на Црвениот крст за заштита од топлотен бран на населението. Активностите се спроведуваа на одредени локации во градот, каде на случајните минувачи се делеа шишиња вода и флаери со препораки како да се заштитат од топлото време. Игор и Матилда, корисници на дневниот центар, активно се вклучија и одлично одговорија на оваа работна задача заедно со другите волонтери од ОО Црвен крст во Радовиш.

По повод денот на младите, дневниот центар се вклучи во испраќањето порака за меѓугенерациска солидарност, па на таа тема заедно со волонтерите на ОО на Црвен крст испратија порака преку цртање на неколку човечиња во вид на саксии со цвеќе секое од нив на различна возраст како си помагаат меѓу себе во вид на мурал на ѕидот на Пензионерскиот дом во Радовиш.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Секојдневните активности во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип и во изминатиов период се реализираа според предвидената програма за работа. Корисниците на дневниот центар во изминатиот период ги вежбаа вештините за манипулација со пари и платежни картички во секојдневното живеење. За таа цел се запознаа и вежбаа како да ја користат платежната картичка за подигнување готовина од банкоматите.

Во пресрет на празникот Успение на Пресвета Богородица корисниците на дневниот центар посетија православна црква. Во текот на посетата отецот низ разговор и прошетка ги запозна корисниците со значењето на овој

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби



празник, како и со обичаите кои се изведуваат за негово прославување.

На почетокот на септември корисниците на дневниот центар се запознаваа со дел од институциите во градот каде можат да остварат некои од нивните права, но и обврски како граѓани на општината. На 9-ти септември беа во посета на подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во Штип, а на 11-ти септември го посетија МВР – Штип. Во текот на двете посети, корисниците се запознаа со дел од работата на овие институции, правата кои можат да ги остварат таму, но и начинот и потребните документи за да ги остварат тие права. Воедно овие посети, всушност излегувањето од просториите на дневниот центар, корисниците го искористија за стекнување вештини за побезбедно и посамостојно снаоѓање во сообраќајот, односно, движење по улица, крстосница, пешачки премин и ориентација во простор.

Покрај редовните активности, во изминатиот период продолжија активностите во рамки на проектот „Спорт и рекреација за сите“. Во рамките на овој проект, секој четврток се одржуваат фитнес тренинзи, кои во зависност од можностите се реализираат во спортска сала, на отворено или во просториите на дневниот центар.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – Порака во Прилеп се реализираат според предвидените месечни програми за работа. Се реализираат активности со акцент на развивање и унапредување на можностите, потенцијалите и можноста за изразување на личните потреби кај корисниците. Со оглед на потребата од подобро одржување на лична хигиена во летен период, корисниците беа поттикнувани да започнат самостојно да ја одржуваат хигиената на одредени делови од телото. Корисниците кои во поголема мера ги имаа усвоено овие вештини, научија како полесно да ги прават истите.

Во склоп на когнитивните можности беа организирани практични работилници со примена на банкноти и монети со различна вредност со цел стекнување вештини за манипулација со пари. Преку сеопфатни работилници се прикажуваа секојдневни ситуации поврзани со парите во кои корисниците имаа можност сами да ги користат. Од ова, како ново искуство за сите, произлезе можноста за меѓусебно позајмување на пари и одговорноста за враќање на истите.



Покрај редовните активности во изминатиов период како активност спроведовме посета на локалниот фестивал Пивофест кој традиционално се организира во Прилеп. За време на големиот христијански празник Преображение корисниците го посетија црковниот храм св.Преображение. За време на посетата имаа можност да прошетаат низ црковниот храм, да разговараат и да се запознаат со традициите поврзани со овој празник

Во изминатиов период добивме донација проектор од членовите на Интеракт клубот од Прилеп. Голема благодарност до овие млади лица и нивниот ентузијазам.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Во Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица, освен редовните активности пропратени со креативни работилници во кои доминираат меѓусебна социјализација, дружење и комуникација меѓу корисниците, во изминатиот период се реализираа низа активности за поголемо унапредување на можностите за самостојно живеење на корисниците, како во домот: активности за подготовка на полесни оброци за појадок, ручек и вечера, одржување на хигиената, така и во пошироката околина на живеење: пазарење во маркет и пазар, наплата на каса и манипулација со пари. Се реализираа низа на активности за водење на грижа за здравјето: посета на лекар и набавка на лекови од аптека-пазарење и наплата во аптека, како и активности за оспособување на корисниците како да си пружат самопомош во домот при мали повреди со средства за прва помош кои ги имаат во своите домови.

ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица од јуни 2022 година започна со имплементација на проектот „Лицата со



попреченост – еднакви учесници во сообраќајот", финансиски поддржан од Општина Струмица. Севкупна цел на проектот е придонес во зголемување на степенот на независно и самостојно живеење на лицата со интелектуална попреченост и активно и рамноправно учество во заедницата. Преку проектните активности, во следните седум месеци, кај лицата со интелектуална попреченост ќе бидат проширени нивните знаења за основните сообраќајни знаци и правила на однесување во сообраќајот, како пешаци, но исто така и како корисници на различни превозни средства, како велосипед, автомобил (такси возило), автобус и сл.

Активностите кои се реализираа во рамки на проектот во изминатиов период имаа за цел да ги оспособат корисниците на социјалниот клуб за што е можно побезбедно и посамостојно снаоѓање на улица, крстосница, пешачки премин, при користење на превоз сами или со придружба. Индивидуалната поддршка се одвива преку демонстрација, симулација и вежби директно на надворешен терен, во сообраќајот. Акцентот е ставен на стекнување самостојност во движењето и зголемување на самодовербата на корисниците за вклучување во сите општествени и јавни настани во локалната заедница. Со овие надворешни активности на корисниците им се пружа пријатна атмосфера, нови пријателства, дружења, соработка, осамостојување и градење на позитивна слика за себе и околината, а чекор напред е и за родителите, бидејќи се пружа можност за минување на одредено време со друго лице, како и вклучување во организирани активности и движење со индивидуална поддршка во локалната заедница.

## Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола во изминатиов период согласно планираната програма ги реализираше своите предвидени активности. Континуирано се одржуваа активности за стекнување на практични вештини, како одржување лична хигиена, хигиена во просторот на социјалниот клуб, одржување на тревните површини во дворот на социјалниот клуб. Се реализираа и неколку работилници за плетење, како и за приготвување на домашно лепче. Спортско – рекреативните активности, односно одржување и унапредување на физичкото здравје, користејќи ги справите во социјалниот клуб и вежби во дворот на социјалниот клуб, исто така, редовно се реализираа.



Во месец јуни корисниците на социјалниот клуб во соработка со наставничката Весна Гагалевска и учениците од ООУ „Тодор Ангелевски" се вклучија во одбележувањето на Европска зелена недела, со цел развивање на свеста кај лицата и децата за заштита и унапредување на животната средина, со експериментални активности, односно работилници каде што беа изработувани различни ракотворби - украси и саксии за цвеќиња од рециклирачки материјали. Изминатиов период, Павел Талевски, волонтер во ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, еднаш неделно реализираше музички работилници преку кои корисниците се запознаваа со ударните музички инструменти. Исто така, корисниците имаа можност да посетат и неколку концерти кои се одржаа во Битола во рамки на БИТ Фест – Битола.

Во втората половина на јули месец, социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола организираше и реализираше посета на Националниот Парк Пелистер. Оваа целодневна активност беше корисна од многу аспекти. За време на прошетката по патеката од Првата светска војна и по патеката кон врвот Пелистер, корисниците на социјалниот клуб се запознаваа со флората и фауната на Пелистер, а притоа го посетија и Музејот на флора и фауна и Инфоцентарот Пелистер. За време на прошетката собираа и планински чај кој потоа ќе го приготвуваат во социјалниот клуб. Правилното движење и однесување во природа, ориентација во отворен простор, исто така, беа дел од активностите кои се реализираа тој ден.

## Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Согласно планираната програма за работа социјалниот клуб на РЦПЛИП-ПОРАКА во Виница во изминатиот период редовно ги спроведуваше своите предвидени активности. Се реализираа активности за стекнување на вештини за самостојно живеење и низа активности за унапредување на когнитивните и социјалните можности на корисниците на социјалниот клуб.

На тематските работилници посветени на летното време, корисниците од различни материјали изработуваа ракотворби, а исто така се разговараше и за различните начини за заштита од топлото време во текот на летните горештини. Корисниците учествуваа и во активности за унапредување на физичкото здравје преку спортско рекреативни вежби. Покрај когнитивно едукативните активности се реализираа и активности од забавен карактер како слушање музика, играње друштвени игри, итн.



ПОРАКА

# Наша Страница

## Санација на објектот на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш

РЦПЛИП – ПОРАКА и ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш во изминатиот период спроведуваат активности за санација на објектот на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш, со која ќе биде надминат долгогодишниот проблем со влага во просториите на дневниот центар и со што значително ќе се подобрат условите за работа со лицата со интелектуална попреченост во дневниот центар.





Во договор со Општина Радовиш и со поддршка од Рудник Бучим, во тек се градежни активности за поставување на хидроизолација и дренажа на објектот, фасада со стиропор изолација, како и корекција на внатрешни ѕидови.
Предвидено е санацијата на објектот да заврши до 15 октомври 2022 година, а средствата за реконструкција се обезбедени од РЦПЛИП – ПОРАКА и од Рудникот Бучим.





ISSN 0350-5863